*Методија СОКОЛОСКИ*

# ПРЕСПАНСКАТА НАХИЈА ВО ТЕКОТ НА XVI ВЕК

Во текот на XVI век Преспанската нахија, заедно со Охридската нахија и нахијата Дебарца, спаѓала во Охридската каза. Охридската каза, заедно со Дебарската каза, потоа казите — Старова, Мат, Акче Хисар и Ишим, во кои биле опфатени вкупно 19 нахии, меѓу кои — Горни Дебар, Долни Дебар, Жупа, Река, Мокра, Гора и други на територијата на Албанија, биле вклучени во Охридскиот санџак. Податоци за овој прилог ползуваме од два пописни дефтери (Tahrir defterleri). Едниот е од 1519, а другиот од 1583 година.[1])

Првиот дефтер, кој е сумарен, се чува во архивот на Претседателството на Владата на Република Турција (Başbakanlik Arşivi) во Истамбул. Овој дефтер не е целосно зачуван. Од него нема податоци за хасовите на падишахот, потоа податоци за хасовите на охридскиот санџак-бег, како и за 7 села од еден зеамет. Податоците од овој сумарен (icmal) дефтер се многу општи. Во него се регистрирани имињата и презимињата на притежателите на феудалните лена било да се тоа хасови, зеамети или тимари. Понатаму во рамките на секое феудално лено се регистрирани оние населени места (градови и села), како и мезри, што биле вклучени во феудалното лено, со цифрени показатели за бројот на семејствата (hane) и неженетите, а работоспособни (mücerred). На крајот се дава годишниот приход на феудалниот господар изразен во пари (акчиња), од натуралната и паричната рента, што било должно да му ја даде населението.

Вториот пописен дефтер е опширен (mufassal) и во него се внесени имињата и презимињата на сите старешини на семејствата, како и на неженетите во сите населени места, распределени по нахии

---

[1]) Tapu Defter, № 81 од 1519 година. Овој дефтер е сумарен (icmal) во кој е опфатен пописот на целиот Охридски санџак. Преспанската нахија е опфатена од 24—31 пагинирана страница, но има некои села што се наоѓаат и понапред, каков што е случајот со селото Влашци (Лахци), кое се наоѓа на стр. 8, а селото Гопеш на страница 9.

Tapu Defter № 25 — Defter-i mufassal Liva-i Ohri, — Cild el-evvel (Опширен пописен дефтер за Охридскиот санџак — свеска I), од 21 јули 1583 година, кој се чува во Главната катастарска управа (Tapu ve Kadastro umum Müdürlüğü) во Анкара. Преспанската нахија е опфатена од 51—64 пагиниран лист.

како основни административно-територијални единици. По пописот на имињата и презимињата следуваат разни видови давачки од односното население. За земјоделските производи, како што се зрнестите култури (пченица, јачмен, 'рж, овес, просо, наут, леќа и сл.) се дава количеството изразено во товари, а во исто време пресметано во акчиња. Тоа количество жито претставувало ушур (десеток). Исто така десеток се земал од лозја, односно шира, потоа од улишта и друго, додека данокот за воденици, свињи, бостан, овошје, пасишта, за продажба на вино и друго се пресметувал само во паричен износ. На крајот се сумираат сите давачки и се дава годишниот приход што му следувал на феудалниот господар во чиешто лено спаѓала населбата.

Пописот е извршен за целиот Охридски санџак, односно за сите нахии што биле вклучени во него. На насловната страница од дефтерот стои „Defter-i müfassal Liva-i Ohri — Cild el-evvel" (Опширен пописен дефтер за Охридскиот санџак — свеска I). Во самиот почеток од дефтерот се наоѓа Кануннамето за овој санџак,[2]) во кое се даваат податоци за тоа дека на територијата на Охридскиот санџак како основна мерка за жита се применувало „стамболското киле" (İstambul kilesi). Од други извори знаеме дека ова киле тежело 20 оки. Шест стамболски киле сочинувале еден товар, а три сочинувале една друга мерка за жито, наречена „денк". Според тоа еден денк е половина товар, или 3 киле, односно 60 оки, а еден товар претставува тежина од 120 оки. Во самото Кануннаме точно се утврдени цените на житата што важеле за целиот санџак, што значи и за Преспанската нахија. Така, на пример, еден товар пченица, наут, леќа и бакла се пресметувал по 54 акчиња; 1 товар 'рж, јачмен, просо и граор по 30 акчиња; 1 товар овес или каплуџа (еден вид пченица) по 18 акчиња. Што се однесува до мерката за вино (шира), таа се викала „medre" и се пресметувала по 6 акчиња.

Во целиот санџак, според Кануннамето, се наплатувало само од женетите, т.е. старешините на семејствата по 2 акчиња на име данок за бостан (Resm-i bostan).

Во некои нахии на име „данок за слама" се наплатувало од секој женет по 2 акчиња годишно. Во оние нахии каде што имало повеќе пасишта, како што била, на пример, Дебарца, се наплатувал и „ушур од треварина". Исто така ушур се земал од производство на кромид, лук и зелки. По време на собирањето на ушурот од лозја, во Кануннамето стои дека од секој христијанин што имал лозја се наплатувало уште од старо време по 2 акчиња данок наречен „Resm-i tekne" и дека тоа нешто било уште во сила итн. Се задржавме само на некои

---

[2]) Кануннамето се наоѓа на пагинираните листови под број 11 и 12 во пописниот дефтер број 25. Ова Кануннаме го има објавено во латинска транскрипција O. L. Barkan — „XV ve XVI-inci asirlarda Osmanli Imperatorluğunda ziraï ekonominin hukukï ve malï esaslari — Kanunlar, Истанбул 1943, стр. 292—296. Превод на ова кануннаме има ибјавено Душанка Шопова во ГЛАСНИК на Институтот за национална историја, Год. III, бр. 1, Скопје 1959.

одредби од Законот (Kanunnameto) за да биде што поразбирливо нашето излагање кога ќе говориме за натуралната и паричната рента, што било должно населението во Преспанската нахија да им ги дава во текот на годината на непосредните феудални господари, независно дали се тоа притежатели на зеамети или тимари. Другите одредби во врска со обврските и привилегиите на дервенциското население, како и за соколарите, ќе најдат место во натамошното наше излагање.

Во пописот од 1519 година во Преспанската нахија се опфатени и регистрирани вкупно 43 населени места (села), додека во 1583 година се опфатени 34. Основната причина за смалувањето бројот на селата во оваа нахија околу 1583 година лежи во тоа што некои села во тоа време се префрлени во соседните нахии, на пример во Битолската и Охридската нахија, а има и случаи, населението на одделни села целосно да ги напуштило своите огништа и така тие села се претворувале во мезри (ненаселени места). Така, на пример, селата Меловишта, Лера, Доленци, Српци и Ѓавата подоцна се приклучени кон Битолската нахија, а селото Завој во 1583 година — кон Охридската, додека селото Цапари станало мезра (ненаселено место, бидејќи населението се разбегало). Има и обратни случаи, некои села, на пример од Битолската нахија, во 1583 година да се приклучени кон Преспанската, каков што е случајот со селото Дупени, како и новосоздадени населби во интервалот меѓу 1519 и 1583 година, како што е со селото Галичица.

Сите населени места, како и мезрите во Преспанската нахија во текот на XVI век, впрочем како и во цела Македонија, па и на целиот Балкан, се вклучени во одделни феудални владенија (зеамети и тимари). Во ова време во Преспанската нахија се регистрирани вкупно 32 тимари. Од нив 15 се доделени на поединци, 13 ги уживаат или притежаваат по двајца; 2 се на по тројца и 2 на по четворица. Според тоа, 17 се доделени на заедничко користење. По имињата и презимињата на овие спахии-тимариоти во дефтерот стои дека „учествуваат во воени походи“. Само во еден случај, поради неполнолетноста на двајца од притежателите на заедничкиот тимар, во војна учествува секоја година третиот полнолетен брат. Секојпат кога еден тимар ќе го наследел син од татка си, доколку синот сè уште не бил полнолетен и способен за учество во воени походи, тој бил должен од сопствените годишни приходи да ангажира и наполно да опреми друго лице кое ќе го замени како „џебелија“ (вооружен коњаник).

Бројот на регистрираните семејства (hane) во сите села во 1519 година изнесува 1900, од кои муслимани само 4 семејства, додека сите други се христијани. Потоа се регистрирани 99 христијански вдовици, како и 182 неженети христијани и 2 неженети муслимани. Ако вдовиците ги сметаме исто така за семејства и ако претпоставиме дека секое семејство броело по 5 члена, во тој случај вкупниот број на населението во целата Преспанска нахија би изнесувал 9995 жители, од кои само 20 души биле муслимани. Единствено село каде што во дефтерот се регистрирани 4 муслимански семеј-

ства и 2 неженети тоа е селото Дрмени. Во другите 42 села нема ниеден муслиман, исклучувајќи ги муслиманите што се притежатели на тимари, чијшто број изнесува 55. Ако кон селското население ги приклучиме и спахиските семејства, множејќи ги со 5, во тој случај вкупно населението во сите 43 села би изнесувало 10.270, од кои 295 муслимани. Според бројот на семејствата во ова време најголеми се селата: Стење со 157 семејства; Царевдвор со 112; Влашци (Лахци) со 102; Сопотско со 96; Перово со 96 и Ѓавата со 97 семејства. Вкупниот годишен приход на сите спахии тимариоти од натуралната и паричната рента, што било должно да им ја даде населението од оваа нахија, изнесува 193.982. Според тоа во просек на едно семејство се паѓа годишно да му даде на спахијата 96 акчиња. Во пописот од 1519 година на територијата на Преспанска нахија се регистрирани како дервенџиски следниве села: Буково, Ѓавата, Завој, Исток, Металец и Петрино. Меѓутоа, бидејќи, во самиот попис од овој дефтер нема никакви податоци за должностите и правата или бенефициите што ги уживале дервенџиите, а такви има во опширниот пописен дефтер од 1583 година, за дервенџиите повторно ќе се навратиме во продолжението кога ќе говориме за општествено-економската положба во Преспанската нахија во 1583 година.

## СОСТОЈБАТА ВО НАХИЈАТА ОКОЛУ 1583 ГОДИНА

За разлика од претходниот пописен дефтер, во пописот од 1583 година не се регистрирани имињата и презимињата на притежателите на зеамети и тимари, така што не сме во состојба да констатираме колку феудални владенија имало во ова време и колку од нив се уживани од поединци или пак како заеднички, ползувани од двајца, тројца или повеќе души. Што се однесува до бројот на населените места — селата, сега ги има 34 на број. Најнапред е даден попис на оние села што спаѓале во зеамети. Тоа се селата: Дупени, Перово, Стење и Волкодери. Сите други села се приклучени кон тимари.

Она што особено паѓа в очи како во пописот од 1519, така и во овој од 1583 година, тоа е што никаде не го среќаваме Ресен, било како село или како гратче или пазарно место. Се поставува прашање, дали Ресен дотогаш воопшто не постоел како населба или пак бил приклучен евентуално кон некој вакаф, што е малку веројатно. Натамошните проучувања и испитувања на понови пописни дефтери можеби ќе ни ја откријат оваа загатка. Од она што го знаеме досега од изворните турски материјали произлегува дека Ресен до 1583 година не постоел како населба.

Составот на населението е следниов: муслимански семејства вкупно 90, од кои во дефтерот се регистрирани како старешини на семејства 29, како притежатели на чифлици 27 и 34 лица како притежатели на баштини. Од вкупниот број регистрирани муслимани за 7 души констатиравме дека се исламизирани христијани. Најголем број муслимани среќаваме во следниве села: Дрмени 17 семејства;

Царевдвор 12; Во Бела Црква Долна и Бела Црква Горна се регистрирани по 11 души, а во селото Козјак 8. Во другите села каде што се среќаваат муслимани, а тоа се селата: Белица, Боховино, Влашци, Волкодери, Доброво, Дупени, Крани, Кривени, Подмочани, Покрвеник и Сопотско, бројот на регистрираните муслимани се движи од 1—6. Исламизираните христијани ги среќаваме во селата Бела Црква Долна и Козјак по двајца, а во Доброво, Дрмени и Отешево по еден. Меѓу муслиманите ние нагласивме дека има 34 души како притежатели на баштини. Веднаш ќе нагласиме дека земјишниот имот наречен баштина им припаѓал само на христијани. Појавата, сопственици на баштини да бидат муслимани за првпат ја среќаваме во пописните дефтери во Скопско, Тетовско, Велешко, Прилепско, Битолско и Кичевско, од 1528 година,[3]) што значи уште пред 55 години. При преминувањето на една баштина од рацете на христијанин во рацете на муслиманин во време на пописот прво се става името и презимето на христијанинот, а потоа следува: „а сега во рацете на тој и тој муслиман". Оваа појава ја имаме во доста случаи и во пописниот дефтер од 1583 година за Преспанската нахија. Според тоа, сите 34 баштини во Преспа во свое време биле во рацете на христијани. Новите сопственици-муслимани, најчесто се исламизирани христијани, но не е исклучено баштините и да се купени од разни спахиски синови, јаничари и сл., па дури може со апсолутна сигурност да се претпостави дека добар дел од тие баштини го промениле својот сопственик поради неможноста да ги платат разни давачки, било на самите спахии или на државата. Ако се има предвид фактот дека од втората половина на XVI век државните даноци се неколкукратно зголемени, поради тешката финансиска криза во која попаднала Отоманската Империја, особено по многубројните порази на бојните полиња, почнувајќи некаде од 1529 година натаму, како и побуните на јаничарите во втората половина од XVI век и најпосле масовното дезертирање и одбивање од страна на спахиите-тимариоти да се покоруваат на султанските наредби во врска со мобилизирањето за воени походи, најгрубите злоупотреби од страна на собирачите на даноци, кои наплатувале многу поголеми износи од оние што биле утврдени, сето тоа во втората половина на XVI век довело до масовен пасивен и активен отпор од страна на рајата. Не можејќи да ги плаќа давачките, селската раја била принудена да ги напушта своите родни места и да се преселува во други околии или пак да се придружува кон ајдучките чети и со тоа да ја отпочне борбата против феудалните господари, таранијата и злоупотребите што ги вршеле највисоките државни и други функционери. Во една таква економска положба на државата, самите муслимани што се наоѓале на теренот, било да се спахии и нивни синови или пак разни јаничари, чувари на тврдини, на многу лесен начин можеле да дојдат до земјишни поседи што ги пречекорувале рамките на законските прописи за тоа колку земјиштен имот може да притежава едно семејство.

[3]) Tapu Defter № 149 од 1528 година. Опширен пописен дефтер за Скопската, Кичевската, Велешката, Прилепската и Битолската нахија.

Веќе во 1583 година во Преспанска нахија среќаваме одделни муслимани, особено од редот на јаничарите, како сопственици на две баштини или два чифлика. Познато е инаку дека во текот на XV и првите децении од XVI век спахиите не смееле да притежаваат земјиштен имот, со исклучок на таканаречениот „хасса имот", т.е. сопствен имот кој се состоел, главно, од овошни градини, ливади, воденици, а многу ретко и од некоја нива. Меѓутоа, со губењето на тимарот се губел и тој „хасса имот". Ова нешто е изрично пропишано во одделни законски одредби или султански наредби. Но, во втората половина на XVI век ние гледаме дека сите тие одредби не се во сила.

Сега да видиме кои се сопственици на баштини и чифлици во голем број случаи на територијата на Преспанска нахија околу 1583 година. Така, на пример, во селото Дупени две баштини, чиишто сопственици порано биле Стојко син на Милош и Стојан син на Радослав, во време на пописот попишувачот регистрирал во дефтерот дека „сега се во рацете на Мехмед јаничар" и тоа за двете баштини. Во селото Боховино три христијански баштини, кои уште од порано ги присвоил на некаков начин јаничарот Мустафа, во дефтерот стои дека во време на пописот „биле во рацете на Мехмед, син на јаничарот Мустафа". Во селото Дрмени сопственик на една баштина е некојси Алија, син на јаничарот Мустафа, а на друга во истото село сопственик е Сулејман, син на спахијата Хасан, значи спахиски син. Во селото Царевдвор една баштина држи јаничарот Мустафа. Во селата Подмочани, Долна Бела Црква и Доброво по една баштина држат или јаничари или нивни синови. Што се однесува до сопствениците на чифлици и тие се главно од редот на јаничарите или спахиите. Така, на пример, во селото Волкодери како притежател на чифлик се јавува јаничарот Сулејман. Во селото Сопотско сопственик на чифлик прво бил јаничарот Мустафа, кого во 1583 година го наследиле неговите синови Бали и Мехмед. Во селото Крвеник сопственик на чифлик е јаничарот Мустафа. Во селото Крушје еден чифлик е во рацете на пензионерот спахија по име Хусеин. Исто така во рацете на спахија се наоѓа еден чифлик во селото Дрмени. Спахијата се викал Коркут Худаверди. Во селото Царевдвор два чифлика држат спахиите Хусрев и Бајазит; еден чифлик од истото село му припаѓал на некојси Мехмед, јаничар, а еден на Сулејман, син на Ахмед, јаничар. Во селото Подмочани два чифлика се во рацете на јаничари и еден на некојси Хизир Војвода. Во селото Долна Бела Црква еден чифлик му припаѓа на некојси Хусеин, кој бил чауш во султанскиот двор. Во селото Горна Бела Црква еден чифлик е во рацете на спахиски син по име Хизир, син на спахијата Кочи, а во селото Покрвеник еден чифлик е во рацете на јаничарот Сулејман, а на еден друг чифлик сопственик е исламизиран христијанин по име Џафер, син на Абдулах. Сите презимиња на „син на Абдулах" означуваат исламизиран христијанин.

Од сите горенаведени примери гледаме дека сопствениците на баштини или чифлици биле главно од привилегираниот воен слој наречен „аскер". Но, што се однесува до давањето ушур и саларие,

кај секој сопственик на чифлик е изрично нагласено дека натурална рента му дава на непосредниот феудален господар. Сопствениците на баштини, покрај ушурот, давале и испенџе во износ од 25 акчиња.

Вкупниот број регистрирани христијани во 1583 година во сите села на Преспанската нахија изнесува 1724, од кои 1275 старешини на семејства и 449 неженети. Ако едно сејмејство броело пет члена, во тој случај вкупниот број на сето христијанско население би бил околу 6375, а заедно со муслиманското население тој број би изнесувал 6825 жители. Секако како интересен податок што треба да го одбележиме е дека селото Белица, кое во 1519 година имало вкупно 35 регистрирани жители, од кои 29 старешини на семејства, 3 вдовици и 3 неженети, во пописниот дефтер од 1583 година, под реден број 6, е регистрирано како мезра, а потоа доаѓа текст во кој се говори дека во „стариот дефтер" стоело дека ова село било населено. Меѓутоа, рајата се разбегала и селото опустело, поради што било регистрирано како мезра. Во мезрата се регистрирани само три баштини, двете им припаѓале на муслимани и тоа едната на некојси Хусеин, а другата на Али. Третата регистрирана баштина ја притежавал христијанинот Михаил Петко. Заслужуваат внимание и податоците за селото Цапари, кое во 1519 година имало вкупно 42 регистрирани жители, а во 1583 е заведено само како мезра безниеден жител. Веројатно и ова село ја имало судбината на претходното и тоа поради оние причини што ги изнесовме порано во нашето излагање.

На територијата на Преспанска нахија има и други мезри во 1583 година, но за нив не би можеле да тврдиме дека се раселени села, бидејќи и во 1519 година тие мезри не биле населени. Еве некои од нив: Горица Горна кај селото Подмочани; Горица Долна кај селото Долна Бела Црква; мезрата Ливада кај селото Златари, мезрата Сопот кај селото Свиништа и др. Што се однесува до дервенџиското село Галичица, кое во 1519 година не постоело, може да се претпостави дека е новосоздадена населба и тоа со точно определена цел, жителите од ова село да бидат дервенџии. Ова село денес не постои. Според бројот на населението од 1583 година најголеми села се: Лева Река со 130 семејства; Стење со 95; Влашци со 94; Бохоња со 88 и Царевдвор со 80 семејства. Во интервалот меѓу 1519 и 1583 година, според бројот на зголемувањето на населението, на преден план доаѓаат Лева Река и Бохоња, додека кај селата Стење, Влашци и Царевдвор, кои во 1519 година биле меѓу првите по бројот на населението, во 1583 година забележуваме еден осетен пад во споредба со 1519 година, иако сѐ уште се едни од најголемите. Движењето на населението во другите села ќе може да се проследи во табеларниот преглед што го даваме на крајот од оваа статија.

## ДЕРВЕНЏИИ И СОКОЛАРИ ВО ПРЕСПАНСКА НАХИЈА

Во 1583 година во пописот на Преспанска нахија се регистрирани пет села како дервенџиски. Тоа се селата: Лева Река, Петрино, Исток, Галичица и Буково.

Во врска со дервенџиите и нивните обврски во Кануннамето за Охрдискиот санџак стои дека сите регистрирани жители, било да се тоа женети или неженети, на име испенџе плаќале на непосредниот феудален господар по 10 акчиња годишно. Само женетите, покрај испенџето, биле должни годишно да даваат уште по 1,1/2 стамболско киле пченица и по 1,1/2 киле јачмен или мешано. Покрај овие давачки дервенџиите, доколку притежавале лозја, на спахијата му давале ушур. Од она вино што се внесувало во дервенџиските села однадвор, т.е. за продавање, се наплатувало по 2 акчиња од товар како такса наречена „баџи хамр" (Bac-i hamr). Дали и во кои дервенџиски села законските одредби доследно биле применувани, најарно ќе видиме од самите податоци што ги среќаваме во пописот кај дервенџиските села. Споредувајќи ги давачките што се внесени во пописниот дефтер кај дервенџиските села, со одредбите во самото Кануннаме можевме да констатираме дека давачките се поклопуваат со законските одредби во дервенџиските села: Лева Река,Петрино, Исток и Галичица. Кај сите овие четири села испенџето и ушурот се пресметани точно според бројот на регистрираните жители, при што за секој женет и неженет се пресметани 10 акчиња за испенџе, а само за женетите по 1 денк жито, едната половина пченица, а другата мешано. Бидејќи еден денк претставувал три стамболски киле, произлегува дека женетите давале по 1,1/2 стамболско киле пченица и по 1,1/2 киле мешано. Покрај тоа меѓу давачките кај овие села се среќаваат уште и следните даноци или такси: за вино, за пасишта, нијабет, свадбарина, падарина и такса за тапија на земјата. Кај петтото дервенџиско село во Преспанска нахија, наречено Буково, имало отстапување од одредбите во Кануннамето. Еве што стои во самиот дефтер кај ова село:

> „Во стариот дефтер е заведено дека селото Буково е дервенџиско, кое спаѓа кон Преспа. Споменатото село уште од старо време е дервенџиско. Бидејќи нивната (дервенџиска) служба е лесна (hizmetleri hafif olup), секое лице годишно дава по 15 акчиња (на име) испенџе, а женетите (уште) по 1 товар жито — едната половина пченица, другата мешано.
>
> Тие ја чуваат и одржуваат месноста наречена „Куру јол" што се наоѓа на патот што води од Валона, преку Елбасан за Битола. Како компензација за нивната служба тие се ослободени од редовни и вонредни државни даноци.[4]) Како и порано и во новиот царски дефтер (селото) пак е регистрирано како дервенџиско (derbend)".

---

[4]) Поопстојна студија за редовните и вонредните државни даноци, наречени Avâriz-i divaniye ve tekâlif-i örfiye има објавено Бистра Цветкова под наслов „Извънредни данъци и държавни повиности в българските земи под турска власт", София 1958.

Во оваа смисла заслужува внимание и трудот на Авдо Суќеска под наслов „Влијанието на оданочувањето на рајата со наметите avâriz-i divaniye, tekâlif-i örfiye (i) tekâtif-i şakka, врз развојот на процесот на чифличењето во Македонија во XVII век," објавен во ГЛАСНИК НА ИНИ, Год. XIV, 1970, бр. 1, стр. 71—86.

Од цитираниот текст гледаме отстапување од она што било пропишано во Кануннамето како по однос на висината на испенцето исто така и по однос на количеството на житото што било должно населението од ова село да му го дава во текот на годината на непосредниот спахијатимариот. Испенџето е поголемо за 5 акчиња, а житото двојно повеќе од она што било пропишано во законот. Основна причина за давањето поголем износ од предвиденото за дервенџиите е таа што „нивната служба била лесна". Попишувачот, во новиот пописен дефтер од 1583 година го внесол оној ист текст за обврските и конпензациите што бил во претходниот (стариот) пописен дефтер. Раководејќи се од тие обврски, тој точно пресметал дека 63-те регистрирани жители требало да дадат 945 акчиња на име испенџе, а само женетите, кои биле 40 на број, се задолжени со 20 товари пченица и 20 товари мешано, така што на секој женет се паѓа по 1 товар жито — едната половина пченица, другата јачмен.

Што се однесува до задолженијата на првите четири дервенџиски села, ги имаме следниве податоци: Населението од дервенџиското село Река било должно да ја чува и одржува месноста Г-н-д-р-н-и-к(?) што се наоѓала на патот што водел од Охрид за Прилеп. Населението од селото Петрино ја чувало месноста Вражино, која се наоѓала на патот што водел од Скопје и Битола за Валона. Дервенџиското село Исток се наоѓало на патот што водел од Охрид за Преспа. Населението од ова село било задолжено да ја чува месноста Суха Гора. Населението на петтото дервенџиско село во Преспанска нахија, наречено Галичица, било должно да ја чува месноста Галичица, која се наоѓала на патот што водел од Битола кон Грк-Каја. За сите дервенџиски села во Преспа е одбележано во дефтерот дека и порано биле дервенџиски.[5])

По однос на соколарите податоците се извонредно скудни. Во самото Канунname за Охридскиот санџак се говори дека соколарска служба порано не постоела, но бидејќи некои лица веќе добиле царски наредби за вршење соколарска служба, на попишувачот му се става во задача кај секое лице што притежавало царска наредба покрај името и презимето да стави уште „соколар со царска наредба" (Doganci ba berat-i humayun). Такви соколари со царски берати се следниве: од село Волкодери лицето Дамјан Стојко; од село Влашци такви соколари се жителите — Стојко Петко, Јован Петко и Дојчин Петко. Очигледно е дека овие тројца се браќа. Во селото Прељубие се регистрирани двајца соколари, кои исто така се браќа, а тоа се Круме Петко

[5]) Поопстојно за дервенџиските села и дервенџиската служба во трудот на М. Соколоски — „Дервенџиството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век." ГОДИШЕН ЗБОРНИК на Филозофскиот факултет, Кн. 19 од 1967, стр. 169—202.

и Неделко Петко. Последниот соколар е Спасе Димитри од село Царевдвор. Според тоа вкупниот број на соколарите во Преспанска нахија изнесува седум души.[6])

## ОБВРСКИТЕ НА СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ КОН НЕПОСРЕДНИОТ ФЕУДАЛЕН ГОСПОДАР

Како што веќе порано нагласивме, во 1583 година во Преспанската нахија биле вклучени вкупно 34 села. Како натурална и парична рента што им следувала на спахиите-тимариоти се среќаваат следните давачки: ушур и саларие од сите видови жита што се произведувале од селското население во Преспанска нахија (пченица, јачмен, 'рж, овес, граор, леќа и просо), потоа ушур од лозја (односно шира), од улишта, овошје и од треварина каде што имало побогати пасишта. Парична рента во вид на фиксирани суми или како такси или даноци се среќава во следниве видови: испенџе, данок за воденици, данок за свињи, данок за земјарина (Resm-i çift) и за лозја (Resm-i dönün) што се исплатувал само од муслиманите; за продадени риби и продадено вино; данок за кожурци; данок за бостан; за лен и коноп; за свадбарина; нијабет; падарина и за тапија на земја; одделен данок за лозја наречен „Resm-i tekne"; за користење на пасишта и данок од градинарски култури.[7]) Единствено село каде што среќаваме приход од риболов во даљани во износ од 1500 акчиња годишно е селото Стење, кое припаѓало во зеамет. Инаку по однос на ловиштата на риби наречени „даљани", речиси сите тие, на пример, на Охридското Езеро се вклучени во хасовите на падишахот. Во истово село е заведена одделно и такса за риболов (Bac-i mahi) во износ од 1600 акчиња годишно.

Во зависност од тоа кои и какви култури се произведувале во синорот на секое село, таков вид давачки се регистрирани во самиот попис кај селата. Во продолжение ние ќе се задржиме само на некои покарактеристични видови натурална и парична рента.

Најнапред да одбележиме дека вкупниот годишен приход од сите видови давачки што им следувал на сите притежатели на зеамети и тимари во Преспанската нахија во 1583 година изнесувал 193 892 акчиња. Во просек на едно семејство се паѓало да му даде на непосредниот спахија 140 акчиња годишно. Тој просек во 1519

---

[6]) Поопстојно за организацијата на соколарската служба види кај М. Соколоски — „Градско и селско население со специјални задолженија во дел од Охридскиот санџак во втората половина од XVI век", — ГЛАСНИК на ИНИ, Год. 10, број 2—3, Скопје 1966, стр. 181—200. Потоа кај Глиша Елезовиќ — „Соколари и соколарство", Скопје 1923 год.

[7]) Поопстојни информации за ушурот од разни земјоделски и други производи, како и за разни други видови даноци што им следувале на непосредните феудални господари во Отоманската Империја, во трудот на М. Соколоски — „Прилог кон проучувањето на турско-османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век," — ГЛАСНИК на ИНИ, Год. II, бр. 1, Скопје 1958, стр. 157—227.

година изнесувал 96 акчиња по семјство. На сето население годишно доаѓало, според податоците од дефтерот, да му даде на феудалниот господар вкупно 2406 товари жито, од кои 798,1/2 товари пченица, 477,1/2 товари јачмен, 791 товар ’рж, 222 товари овес, 76,1/2 товари граор, 16,1/2 товари леќа и 24 товари просо. Проценето во пари сето жито изнесува 89.076 акчиња. Цените на житото ги прикажавме порано врз основа на податоците извлечени од самото Канунname. Тие цени насекаде се применувани, при што еден товар пченица или леќа се пресметувал 54 акчиња; еден товар јачмен, ’рж, граор или просо се пресметувал 30 акчиња, а еден товар овес 18 акчиња. Вкупниот приход од ушурот за лозја изнесувал 2565 медри вино или проценето во пари 15.390 акчиња, бидејќи една медра се пресметувала по 6 акчиња. Според тоа ако ги сумираме само давачките од жито и лозја, кои изнесуваат 104.466 акчиња, ќе видиме дека претставуваат над 50% од сите видови давачки во Преспанската нахија.

Важна ставка меѓу приходите е и износот на испенџето. Веќе и порано нагласивме дека овој данок го давале само христијаните, т.е. секој од регистрираните старешини на семејствата, како и регистрираните неженети давале по 25 акчиња годишно на име испенџе. За дервенџиите веќе знаеме дека најголемиот дел давале по 10 акчиња, а само населението од село Буково давало по 15 акчиња испенџе. Вкупната сума од целото население плаќана како испенџе изнесува — 37.665 акчиња.

Од другите давачки ќе ги прикажеме уште следниве: од улишта, вкупен годишен приход од сите оние села каде што се одгледувале пчели, сума во износ од 1192 акчиња; данок за свињи во износ од 1063 акчиња; данок за бостан 1872 акчиња; од кожурци (свилена буба) 925 акчиња; данок за 51 воденица, колку што се регистрирани во дефтерот, во износ од 905 акчиња; приход од производството на лен и коноп во износ од 2265 акчиња; од овошје 989 акчиња итн.

На крајот да ги одбележиме оние населени места во Преспанската нахија во коишто одделни земјоделски или други производи биле најзастапени, при што како мерило ќе ни служат обврските или задолженијата кон непосредните феудални господари.

Според производството на жито на прво место доаѓа селото Влашци, кое било задолжено да му дава годишно на спахијата вкупно 255 товари, од кои 100 товари ’рж; 70 товари пченица; 50 товари јачмен; 20 товари овес и 15 товари граор. На второ место доаѓа селото Царевдвор кое било задолжено со 217 товари, од кои 100 товари пченица; 50 товари ’рж; 40 товари јачмен; 20 товари овес; 5 товари граор и 2 товара леќа. На трето место доаѓа селото Бохоња задолжено со вкупно 180 товари жито, од кои 80 товари ’рж; 40 товари пченица; 20 товари јачмен; 20 товари овес; 10 товари граор и 10 товари просо.

Лозарството било најмногу застапено во селото Стење, кое било должно да му дава на спахијата 1600 медри вино, потоа доаѓа селото

Влашци задолжено со 550 медри, па селото Царевдвор задолжено со 400 медри итн. Лозарството било застапено во 17 села од вкупно 34, колку што ги имало во Преспанската нахија. Пчеларството било најмногу застапено во селото Волкодери. Населението од ова село во 1583 година било задолжено со 150 акчиња годишно. Потоа доаѓа селото Влашци, кое е задолжено со 114 акчиња и на трето место доаѓа селото Сопотско задолжено со 112 акчиња.

Одгледувањето на свињи било најзастапено во селото Сопотско, кое било задолжено со данок за свињи во износ од 150 акчиња годишно. По него било селото Стење со 125 акчиња, а на трето место се селата Горна Бела Црква и Перово задолжени со по 73 акчиња годишно. По производството на лен и коноп прво место зазема селото Влашци задолжено со 260 акчиња, потоа селото Волкодери со 212 и селото Сопотско задолжено со 212 акчиња. Лен и коноп се произведувал во 27 села на Преспанската нахија. Со производство на кожурци, односно со одгледување на свилена буба, според податоците од дефтерот, се занимале 9 села. Оваа гранка на производство била најразвиена во селото Влашци, кое било задолжено со 300 акчиња на име „данок за кожурци", потоа селото Стење задолжено со 200 акчиња, а на трето место доаѓа селото Покрвеник, кое било задолжено со 140 акчиња годишно.

Во заклучокот би требало да ги констатираме следниве работи.

1. Населението во Преспанската нахија некаде во средината на XVI век било речиси исклучиво христијанско, односно македонско, со исклучок на селото Дрмени, каде што се регистрирани, во 1519 година, 6 муслимани. Инфилтрацијата на муслиманскиот елемент, и тоа во прв ред на исламизирани христијани, најверојатно почнува во интервалот меѓу 1528 и 1545 година, бидејќи токму во тој период инфилтрацијата на муслиманскиот елемент е карактеристична за повеќе нахии во Западна Македонија, зашто тогаш исламизацијата почнува да зема поширок замав. Фактот што на територијата на Преспанска нахија нема ниедно населено место исклучиво со муслимани, недвосмислено говори дека на тој терен немало колонизирано никакви чисти муслимани по потекло Турци. Според тоа, најголем дел од муслиманите што се регистрирани во 1583 година се, главно, исламизирани христијани, исклучувајќи ги спахиите или нивните синови, кои се јавуваат било како сопственици на баштини или чифлици, зашто сопствениците јаничари кои имаат баштини или чифлици фактички се исламизирани немуслимани, само што за нив не би можеле да тврдиме дека некогаш биле синови на родители христијани од Преспанска нахија, кои биле одземени од родителите и испратени во Цариград за нивната образовна и војничка подготовка за да станат султанска гарда или чувари на тврдини во разни области на Отоманската Империја.

2. Фактот што во 1583 година се среќаваат одделни лица како сопственици на повеќе баштини или чифлици недвосмислено говори

дека темелите на класичниот воен тимарско-спахиски систем се веќе поткопани и дека започнал процесот на создавање на понов феудален систем, каде ќе доминираат чифлигарството и чифчиските односи во аграрното производство. Може со сигурност да се тврди дека притежателите на баштини и чифлици од редот на спахиите и јаничарите, како и нивните наследници, не ја обработувале сами земјата, туку им ја давале на пауперизирани христијани под определени услови што ги диктирале самите чифликсајбии.

3. Следејќи го движењето на населението во оние села во Преспанска нахија што се регистрирани во 1519 и 1583 година, можевме да констатираме дека само во 4 села бројот на семејствата е зголемен во тој временски период од 64 години, и тоа: во селото Исток бројот на семејствата од 20 во 1519 година е зголемен на 44 во 1583 година, во селото Лева Река од 75 на 130; во Завој од 57 на 69 и во селото Боговени, во кое бројот на семејствата е зголемен од 56 на 88. Во 4 села има, главно, стагнација, а тоа се селата: Ела, Козјак, Петрино и Новиград, а во 19 села бројот на семејствата е во опаѓање. Така, на пример, во селото Перово од 96 семејства во 1519 година по 64 години, т.е. во 1583 година тој број изнесува само 51; во селото Сопотско бројот на семејствата од 96 се намалува на 56; во селото Стење од 157 на 95; во Царевдвор од 112 на 80; во село Јанковец од 77 се сведува на 44 семејства итн.

Каква е состојбата во другите населби најарно ќе се види од приложениот табеларен преглед.

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за состојбата на регистрираното христијанско и муслиманско население во Преспанска нахија во 1519 и 1583 година

| Ред. број | НАЗИВ НА СЕЛОТО | Во 1519 година: ХРИСТИЈАНИ Семеј-ства | Во 1519 година: ХРИСТИЈАНИ Вдовици | Во 1519 година: ХРИСТИЈАНИ Неже-нети | Во 1519 година: Муслимани | Во 1583 година: Христијани Семеј-ства | Во 1583 година: Христијани Неже-нети | Во 1583 година: Муслимани Семејства | Во 1583 година: Муслимани Притежатели на: Баш-тини | Во 1583 година: Муслимани Притежатели на: Чиф-лици |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Бела Црква — Долна | 63 | 5 | 7 | — | 21 | 11 | 3 | 6 | 2 |
| 2 | Бела Црква — Горна | Во 1519 г. не е регистрир. | | | | 35 | 1 | 4 | 2 | 5 |
| 3 | Белица | 29 | 3 | 3 | — | 1 | — | — | 2 | — |
| 4 | Бохоња | 55 | 1 | 5 | — | 85 | 2 | — | 3 | — |
| 5 | Буково | 44 | 2 | 4 | — | 40 | 23 | — | — | — |
| 6 | Влашци (Лахци) | 98 | 4 | 10 | — | 93 | 36 | — | 1 | — |
| 7 | Волкодери | 35 | — | 3 | — | 27 | 15 | — | — | 1 |
| 8 | Галичица | Во 1519 г. не е регистрир. | | | | 16 | 1 | — | — | — |
| 9 | Гопеш | 16 | 3 | 1 | — | 15 | 4 | — | — | — |
| 10 | Дервен (?) | 26 | — | 2 | | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 11 | Доброво | Во 1519 не е регистрирано | | | | 19 | 1 | 2 | 2 | — |

| Ред. број | НАЗИВ НА СЕЛОТО | Во 1519 година | | | | Во 1583 година | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ХРИСТИЈАНИ | | | Муслимани | Христијани | | Муслимани | | |
| | | | | | | | | | Притежатели на: | |
| | | Семејства | Вдовици | Неженети | | Семејства | Неженети | Семејства | Баштини | Чифлици |
| 12 | Доленци | 44 | 1 | 4 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 13 | Дрмени | 49 | 2 | 5 | 6 | 33 | 2 | 7 | 7 | 3 |
| 14 | Дупени | Во 1519 г. не е регистрирано | | | | 50 | 7 | 1 | 2 | — |
| 15 | Ѓавато | 85 | 2 | 9 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 16 | Ела | 27 | 1 | 2 | — | 27 | 7 | — | — | — |
| 17 | Завој | 57 | — | 6 | — | 69 | 14 | — | — | — |
| 18 | Златари | 33 | 1 | 4 | — | 20 | 20 | — | — | — |
| 19 | Илинци | 34 | 1 | 3 | — | 21 | 10 | — | — | — |
| 20 | Избишта | 36 | 2 | 3 | — | 30 | 2 | — | — | — |
| 21 | Исток | 20 | — | 2 | — | 44 | 4 | — | — | — |
| 22 | Јанковец | 72 | 5 | 5 | — | 44 | 3 | — | — | — |
| 23 | Козјак | 17 | 1 | 2 | — | 10 | 4 | 7 | 1 | — |
| 24 | Крани | 18 | 3 | 2 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 25 | Крвени | 36 | 1 | 3 | — | 32 | 3 | — | — | 1 |
| 26 | Крушје | 32 | 3 | 3 | — | 28 | 14 | — | — | 1 |
| 27 | Лева Река | 73 | 2 | 8 | — | 130 | 57 | — | — | — |
| 28 | Лера | 33 | — | 3 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 29 | Маловишта | 10 | 1 | 1 | — | Во 1853 г. не е регистрирано | | | | |
| 30 | Манастирче | 19 | 3 | 2 | — | Во 1853 г. не е регистрирано | | | | |
| 31 | Металец | 11 | — | — | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 32 | Новиград | 16 | 2 | 2 | — | 21 | 2 | — | — | — |
| 33 | Острово | 15 | 1 | 1 | — | 13 | 7 | — | — | — |
| 34 | Перово | 85 | 11 | 5 | — | 51 | 17 | — | — | — |
| 35 | Петрино | 19 | 2 | 2 | — | 20 | 35 | — | — | — |
| 36 | Подмочани | 68 | 5 | 7 | — | 56 | 18 | — | 1 | 4 |
| 37 | Покрвеник | 39 | 3 | 4 | — | 23 | 15 | 3 | — | 3 |
| 38 | Прељубие | 48 | 3 | 5 | — | 25 | 5 | — | — | — |
| 39 | Равне | 44 | 3 | 4 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 40 | Свиништа | 21 | — | 2 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 41 | Српци | 21 | 1 | 2 | — | Во 1583 г. не е регистрирано | | | | |
| 42 | Сопотско | 93 | 3 | 10 | — | 53 | 13 | — | 1 | 2 |
| 43 | Стење | 149 | 8 | 15 | — | 95 | 49 | — | — | — |
| 44 | Стипоне | 18 | — | 2 | — | 8 | 1 | — | — | — |
| 45 | Хотешево (Отешево) | 33 | 1 | 3 | — | 21 | 2 | — | — | — |
| 46 | Царевдвор | 107 | 5 | 11 | — | 68 | 58 | 2 | 5 | 5 |
| 47 | Цапари | 35 | 3 | 4 | — | Во 1538 г. не е регистрирано | | | | |

*Metodija SOKOLOSKI, professeur*

# SUR L'ARTICLE — LA „NAHIA" DE PRESPA AU COURS DU XVI$^{e}$ SIÈCLE

## Résumé

Sur la base de deux régistres de recencement dont l'un récapitulatif (icmal) de 1519 et le second, registre détaillé (defter-i mufassal) de 1583, l'auteur de l'article examine les conditions sociales et économiques de la „nahia" de Prespa au cours du XVI$^{e}$ siècle. Cette „nahia" était inclue en même temps que la „nahia" de Debartsa dans la „Kaza" d'Ohrid. L'auteur parle d'abord des différentes sortes et du nombre des seigneureries féodales sur le territoire de la „nahia ' de Prespa. Plus loin l'auteur s'attarde plus en détail sur la composition de la population des villages de la „nahia" de Prespa; à ce sujet il constate qu'en 1519, sur un total de 43 localités peuplées (des villages) il n'y a enregistrés dans un seul village que 6 habitants musulmans, tandis que dans tous les autres villages la population est strictement macédonienne et chrétienne. Se basant sur le recencement de 1583, l'auteur constate que sur le territoire de la „nahia" de Prespa des musulmans sont enregistrés dans 16 villages et leur nombre total est de 90, dont 29 sont des chefs de familles (hane), 27 sont des régisseurs de propriétés rurales et 34 personnes sont des propriétaires de vergers. Le nombre de chretiens enrégistrés en 1583 dans tous les villages de la „nahia", s'élève à 1724, dont 1275 chefs de famille et 449 celibataires.

L'auteur fait une description particulière des villages gardiens de defilés de la „nahia" de Prespa, il s'arrête à ce sujet sur chaque village gardien de défilé, exposant des données, sur la base du registre détaillé de recencement de 1583, au sujet des devoirs et des droits ou des privilèges dont jouissaient les habitants de tous les villages gardiens de défilé.

Faisant une comparaison entre les réglements concernant les habitants de ces villages qui sont rapportés dans le Kanunname pour le „sandjak" d'Ohrid de 1583 et les données exposées dans le registre même de recensement, l'auteur constate que les règlements légaux n'ont pas été tout-à-fait appliqués dans tous les villages démontrant ainsi que, si l'on sert uniquement des données du Kanunname, celles-ci peuvent mener à certaines erreurs et à des constatations fausses.

L'auteur examine aussi les obligations du „raya" envers les féodaux seigneurs-propriétaires des „zeamet" et „timars"*, au sujet desquels il donne des indications concernant la quantité de blé et de vin

estimés en argent, puis sur les différentes autres sortes d'impôts et de taxes, comme sont d'impôt sur la chandelle, le lin, les moulins, les peaux et d'autres.

A la fin l'auteur fait des coinclusions sur la structure de la population au cours du XVI^e siècle, sur l'apparition de la propriété rurale, ou bien, la pose des fondements du système des „tchifliks" et de l'accroissement, de la diminution et de la stagnation de la population dans certains villages de la „nahia" de Prespa.